**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-465/1**
**Од 21.02.2023 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Дваесет и шестата седница на**
**советот на Општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам **Дваесет и шестата** седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **28.02.2023 година (вторник)**, со почеток во **14:00 часот,** во Салата за состаноци во Општина Ѓорче Петров.

За седницата го предлагам следниот:

**Д н е в е н р е д:**

1. Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2022 година;

2. Програма за работа на советот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

3. Предлог-Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1 Домување во куќи, за уточнување на границите на ГП 12.11, 12.12, 12.13, 12.14 од ДУП за М.З. Ѓорче Петров – 37 и М.З. Мирче Ацев – 38, Северен дел, (КО Ѓорче Петров 6 – Ѓорче Петров), Општина Ѓорче Петров;

4. Предлог-Одлука за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДДГ„Росица"- Ѓорче Петров - Скопје за 2023 година;

5. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДДГ„Росица"- Ѓорче Петров - Скопје за 2023 година;

6. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во комунални дејности;

7. Предлог-Одлука за давање согласност за преземање административен службеник;

8. Предлог-Одлука за прифаќање донација од ДППУ ЦЕНТРО КЛИМА ДОО увоз-извоз, Скопје;

9. Предлог Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република С.Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров;

10. Предлог Одлука за доделување на огревно дрво;

11. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров - Четврт квартал 2022 година;

12. Предлог-Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона донации;

13. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

14. Информација за реализација на блок дотација за 2022 година наменета за основни училишта и детска градинка и враќање на неискористени средства од блок дотација за 2022 година наменета за детска градинка и

15. Советнички прашања.

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Норматива.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**